# ОГЛАС

Обезбедено **приватно здравствено осигурување** и **напредок во кариерата** согласно личните постигнувања, **месечни и квартални бонуси** за безбедно и одговорно работење, исплата на **максимален износ на регрес** за годишен одмор, обезбедена **стабилна и сигурна работа** со почитување на сите законски одредби. Ова се само дел од поволностите кои ги нудиме.

Нашата компанија, Макстил АД Скопје (www.makstil.com) е дел до глобална групација, со долгогодишна традиција и репутација на светскиот пазар во металопреработувачката индустрија. Ова ни овозможува да нудиме најдобри услови за работа на нашите вработени.

Во моментов, во рамки на нашиот тим за Одржување, отворено е следново работно место:

## ДИПЛОМИРАН ЕЛЕКТРО ИНЖЕНЕР

**Опис на работно место:**

- Го спроведува, одржува и подобрува Системот за следење и контрола на електрична енергија;
- Ја следи потрошувачката на енергија преку Системот за следење и контрола на електрична енергија, ја анилизира и информира по неа;
- Активно учествува во тековните проекти за менаџирање со енергенси;
- Ја следи потрошувачката на енергенси, технички гасови и флуиди во системот и навремено ги алармира одговорните од зоните и директорите во случај на невообичаени отстапувања во потрошувачката;
- Ги имплементира активностите, целите и таргетите поврзани со менаџмент на енергијата воден од Политиката за Енергетска Ефикасност на Макстил АД Скопје.

**Работни услови:** Работа во една смена, од понеделник до петок.

**Потребни квалификации:**

- Високо образование, 240 ЕКТС - Дипломиран електро инженер;
- Познавање на Стандардот за управување со енергија ИСО 50001 ќе се смета за предност;
- Способност за планирање и менаџирање
- Со и без работно искуство;
- Способност и желба за тимска работа;
- Способност за работа под притисок и со рокови
- Флексибилност, адаптибилност и способност за работа во динамично опкружување;
- Самоиницијативност и посветеност.

Доколку сакате да станете дел од нашиот тим и имате искрена желба за учење на нови работи, испратете ја вашата кратка биографија по електронски пат на **kariera@makstil.com.mk**, со назнака за работното место за кое аплицирате, најдоцна до **23.06.2023 година**.

Макстил АД Скопје обезбедува еднакви можности за вработување на сите кандидати и води посебна грижа за заштитата на лични податоци и за доверливоста на Вашата апликација.

Согласно Законот за заштита на лични податоци вашата апликација и податоците ќе се користат исклучиво за потребите за вработување за работното место Дипломиран електро инженер и ќе бидат избришани од нашата дата база во рок од 5 дена по склучување на договор за вработување со избраниот кандидат.